Министерство за правда
Биро за судски вештачења - Скопје

Бр.________________

___.___.2014 година

ул.Јордан Мијалков 43, 1000 Скопје,
Република Македонија

тел. (02) 3222-880
факс (02) 3113-663
сајт: www.bsv.gov.mk
mail: contact@bsv.gov.mk

Трезорска сметка: 100000000063095
Трезорска потсметка: 250010049378710
Приходна шифра и програма: 724149 20
Даночен број: 4030977258066

Врз основа на член 55 ст.2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Сл.Весник на РМ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 6 став 2 од Законот за волонтерство (Сл.весник на РМ бр.85/07, 161/08), Директорот на Бирото за судски вештачења донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА ВОЛОНТИРАЊЕ

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со оваа Програма се уредува волонтерството, условите и начинот на вршење на волонтерството, правата и обврските на волонтерите и Бирото за судски вештачења (организатор на волонтерството, во понатамошен текст Бирото), договорите за волонтерство и евиденција на волонтерската работа.

### Член 2

Под волонтерство се подразбира доброволно давање на лични услуги, знаење и вештини и /или вршење на други активности во корист на организаторот на волонтерството.

Под волонтерство, според ова програма не се подразбира вршење на волонтерски стаж, согласно Законот за работни односи.

### Член 3

Волонтер е физичко лице кое дава услуги, вештини и знаења во корист на Бирото за судски вештачења, на доброволна основа, со цел да го поврзе образованието со работата во контекстот на обезбедување на квалитетни услуги.

### Член 4

Целта на волонтерството е да се обезбеди кај волонтерот продлабочено оспособување за работа кое бара поседување на специфични компоненти, знаења и вештини од организацијата или водењето на оперативни работи.

Со волонтерството се придонесува подобрување на квалитетот на животот со активно вклучување на луѓето во општествениот живот, развој на хумано и рамноправно демократско општество.

## II.УСЛОВИ, НАЧИН И ПОТРЕБА ОД ВРШЕЊЕ НА ВОЛОНТЕРСТВО

Член 5

Волонтер може да биде домашно и странско физичко лице, под услови предвидени со Закон.

Член 6

Бирото не смее волонтерот да го стави во нееднаква положба поради расата, бојата на кожата, полот, возраста, здраствената состојба, односно ивалидност, религиозно, политичко или друго убедување, национално или социјално потекло, статус на семејство, имотна состојба, полова насоченост или заради други лични околности.

Член 7

Заради стекнување на практични знаења и вештини од различни области, Бирото има потреба од ангажирање на волонтери.

Член 8

Во оваа програма за волонтерство може да се вклучат :
-студенти што се во фаза на студирањето
-лица со завршено образование (средно, вишо и високо) со цел да се стекнат со одредени знаења и вештини за работите кои произлегуваат од волонтерскиот однос и
-други лица избрани на јавен повик за волонтерски услуги.

Потребата од ангажирање на волонтери и видот на услугите Бирото го врши со објава на јавен повик во средствата за јавно информирање.

Потребата и видот од ставот (2) на овој член ги утврдува со посебна одлука Директорот на Бирото.

Член 9

Волонтерскиот однос може да трае најдолго до 1 година во текот на една календарска година, во зависност од потребата на услугите што ги извршува волонтерот.

Бирото е должно со волонтерот да склучи договор за волонтерство во писмена форма.

## III.ПРАВА И ОБВРСКИ НА ВОЛОНТЕРОТ И БИРОТО

Член 10

Волонтерот кој е ангажиран за вршење на услуги во Бирото и неговите организациони облици има право:

-во писмена форма да го добие описот на правата и обрските кои треба да ги извршува;

-да биде запознаен со условите и опасностите поврзани со волонтерската работа, согласно прописите за безбедност и здравје при работа;

-да биде запознаен со општите акти на Бирото, односно општите акти на организационите облици во кои е ангажиран за вршење на волонтерските услуги;

-да користи средства за безбедност и здравје при равбота согласно прописите;

-на обука, доколку истата е потребна за обезбедување на услугата која е предмет на договорот за волонтерство;

-отсуство за време на волонтерство, ако за тоа постојат оправдани причини;

-на дневен одмор;

-да биде консултиран и информиран при одлучување за начинот на давање на услугите;

-на заштита на приватноста и личните податоци и

-на надоместок на однапред договорените трошоци поврзани со волонтерството.

Член 11

Надоместокот на трошоците од членот 10, став 1 ал.10 од ова Програма, се исплатува најмногу во висина до 15% од просечната месечна плата во Републиката, исплатена за предходната година.

Член 12

Волонтерот е должен да:

-го извести Бирото за неможноста за давање на услуги (болест или други причини);

-доверените услуги да ги врши согласно закон, општите акти на Бирото и договорот за волонтерство, со кои предходно е запознаен;

-услугите да ги дава лично и непосредно;

-да ги чува доверливите податоци, односно класифицираните информации, со кои е запознаен пред и во текот на давањето на услугите и

-да го извести Бирото за штетните последици за кои е запознаен, кои можат да настанат за Бирото, за самиот себе или за трети лица.

Доколку волонтерот предходно го известил Бирото за штетните последици, нема одговорност за направената штета.

Член 13

Волонтерот кој за време на давање на волонтерската услуга намерно или од крајна небрижност ќе предизвика штета кај Бирото, должен е истата да ја надомести согласно со одредбите од Законот за облигационите односи.

Бирото е должно да му ја надомести штетата на волонтерот предизвиката за време или во врска со волонтерската услуга, согласно со одредбите од Законот за облигациони односи.

Доколку волонтерот при давањето на волонтерската услуга предизвика штета кај трети лица, должен е истата да ја надомести согласно Законот за облигациони односи.

Член 14

Бирото е должно на волонтерот да му обезбеди:

-услови за вршење на волонтерската работа, согласно Законот и договорот за волонтерска работа;

-да му издаде на волонтерот волонтерска книшка;

-да му обезбеди материјали и средства за вршење на волонтерската работа;

-да му обезбеди тајност на податоците и заштита на приватноста;

-да му обезбеди и други услови пропишани со закон или за кои меѓусебно тие се договориле.

## IV.ДОГОВОР ЗА ВОЛОНТЕРСТВО

Член 15

Бирото е должно со волонтерот да склучи договор за волонтерство, во писмена форма, кој ги содржи следните елементи:

1.Договорни страни

-организатор на волонтерската работа (назив и седиште) и

-волонтер (име и презиме, адреса на живеалиште, односно престојувалиште);

2.Предмет на договорот;

3.Место на волонтирање и времетраење на волонтирањето;

4.Волонтерски активности или услуги кои се обезбедуваат;

5.Посебни права и обврски;

6.Трошоци за волонтирањето и начин на надоместок на истите и

7.Начин на престанок и раскинување на договорот за волонтирање.

Член 16

Договорот за волонтерство престанува:

-со истекот на временскиот рок за кој е склучен договорот или се исполнети условите за кои истиот е склучен;

-со спогодбено раскинување;

-со денот на правосилна одлука за одземање на деловната способност на волонтерот и

-со престанување на дозволата за престој во Р.Македонија за странци.

Член 17

Волонтерот може да го раскине договорот за волонтерство пред да истече времето за кое е склучен, со писмена изјава без обврска да ја наведе причината за раскинувањето, освен во случај кога раскинувањето може да предизвика штетни последици во работењето на Бирото или на трети лица.

Бирото може да го раскине договорот за волонтерство:

-со престанување на потребата за волонтирање;

-кога не е во можност да ги обезбеди условите за волонтирање;

-кога ќе констатира дека волонтерот не ги исполнува договорените обврски и

-во случај на кршење на етичките норми, донесени за одделени облици на волонтирање.

Договорната страна е должна писмената изјава за раскинување на договорот за волонтерство да ја достави до другата страна, во рок од пет дена пред да го раскине договорот.

V.ЕВИДЕНЦИЈА НА ВОЛОНТЕРСКАТА РАБОТА И ВОЛОНТЕРСКАТА КНИШКА

Член 18

Бирото е должно да води евиденција на волонтерската работа за сите волонтери.

Евиденцијата од ставот (1) на овој член се води рачно или електронски со внесување на податоци за:

-реден број

-лични податоци на волонтерот (име и презиме, ембг, место на живеење, односно престојувалиште)

-број на договорот

-времетраење на волонтирањето

-времетраење на обуката која волонтерот ја имал за време на волнтирањето

-потпис на волонтерот и директорот или од него овластено лице и печат.

Член 19

Волонтерската книшка е јавна исправа, образец чија форма и содржина се утврдени со Правилник за формата и содржината на волонтерската книшка, начинот на нејзиното

издавање и запишување на податоците (Сл.весник на РМ бр.128/07) и содржи податоци за видот и времетраењето на волонтерската работа и видот на обуката за која волонтерот се оспособил за времетраењето на волонтирањето.

Податоците во книшката се впишуваат со мастило и со печатни букви од страна на Бирото.

Неточниот текст во книшката се прецртува, така да може да се прочита прецртаниот текст.

Член 20

Оваа Програма влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Директор
Дени Ѓорчевски